# Закон за изменување и дополнување на Законот за работните односи

**Член 1**

Во Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" број 62/2005, 106/2008, 161/2008, 114/2009, 130/2009, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15 и 129/15), во член 191 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:
„(3) Образецот на барањето од ставот (1) на овој член го пропишува министерот надлежен за работите од областа на трудот во согласност со министерот за информатичко општество и администрација."

**Член 2**

Во членот 192 став (1) по зборот „решение" се додаваат зборовите: „во рок од 15 дена од денот на поднесувањето на барањето од членот 191 став (1) од овој закон."

**Член 3**

Во членот 213-а зборовите: „министерот надлежен" се заменуваат со зборовите: „министерството надлежно".

**Член 4**

Во член 213-в по ставот (4) се додава нов став (5), кој гласи:
„(5) Образецот на барањето од ставот (1) на овој член го пропишува министерот надлежен за работите од областа на трудот во согласност со министерот за информатичко општество и администрација."

**Член 5**

Во членот 213-г став (2) зборовите: „Министерот надлежен" се заменуваат со зборовите: „Министерството надлежно", а точката на крајот од реченицата се брише и се додаваат зборовите: „во рок од 15 дена од денот на донесувањето на предлогот на Комисијата."

Во ставот (3) по зборот „жалба" се додаваат зборовите: „во рок од 15 дена од денот на приемот на решението".

**Член 6**

Во членот 258-а став (9) зборовите: „на начин пропишан од министерот надлежен за работите од областа на трудот" се заменуваат со зборовите: „согласно со Законот за општата управна постапка".

**Член 7**

Во членот 266 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:
„(2) Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на службеното лице, ако не донесе решение за утврдување на репрезентативност во рок од 15 дена од денот на донесувањето на предлогот на Комисијата (член 213-г став 2).

Во ставот (2) кој станува став (3) зборовите: „ставот (1)“ се заменуваат со зборовите: „ставовите (1) и (2).“

**Член 8**

Подзаконските акти утврдени со овој закон ќе се донесат во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 9**

Започнатите постапки до денот на започнување на примената на овој закон ќе завршат согласно со законот по кој биле започнати.

**Член 10**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”, а ќе започне да се применува со започнувањето на примената на Законот за општата управна постапка согласно со членот 141 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ број 124/15).